РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 09-2577/2
16-11-2020 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по анонимна пријава со наводи за постоење на судир на интереси, на 41 - та седница, одржана на 11.11.2020 година донесе

**Одлука**

Пријавата за покренување постапка за утврдување состојба судир на интереси со бр. 09-2577/1 од 02.05.2019 година доставена од непознат подносител СЕ ОТФРЛА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за надлежно постапување по предметот со број 09-2577/1 од 02.05.2019 година.

Предметот со број 09-2577/1 од 02.05.2019 година да се затвори и да се архивира.

**Образложение**

Предметот со број 09-2577/1 од 02.05.2019 година е оформен врз основа на анонимна пријава, со наводи дека повеќе лица од Битола (без при тоа да бидат наведени), кои биле избрани или именувани во периодот кога Политичката партија ВМРО – ДПМНЕ била на власт, вработиле или извршиле влијание за вработување на свои блиски лица. Исто така, во пријавата е наведено дека лицето --------- – член на Советот на Општина ---------се вработила во РЕК Битола во период кога нејзиниот сопруг бил советник, вработен во РЕК.

Државната комисија, на седницата одржана на ден 11.11.2020 година констатира дека поради тоа што во пријавата нема доволно податоци за кои конкретни лица станува збор, но и поради фактот што овие активности биле извршени пред 2016 година, покренување на било какви иницијативи за утврдување одговорност на конкретни лица е без предметната бидејќи за секое незаконско постапување постои период на застареност доколку навремено не се преземат соодветни мерки за нивно санкционирање. Поради фактот што се работи за вработувања, преземање на мерки кон одговорни лица за незаконско постапување застарува во рок од една година од преземањето на дејствието, ДКСК нема надлежност за поведување постапка за утврдување одговорност согласно член 76 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател,
Биљана Ивановска

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut

По заклучок на ДКСК,
Изработил: К.З., советник
Одобрил: К.Н., член на ДКСК

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk